Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 октомври 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2024 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална полтика, демографија и млади, м-р Ерџан Селеми, заменик на министерот за локална самоуправа, Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Андријана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Сашо Павловски заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот

на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа,

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Годишен извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2022 година, Ревидирани финансиски извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2022 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година со Извештај од независен ревизор и Акциски план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од независниот ревизор

2. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2023 година

3. Информација за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор и Предлог – одлука

4. Предлог - одлуки за продажба на движни ствари

5.Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.472, дел 2, КО Злетово) У бр.03-779/1

6. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 2 октомври 2024 година до 8 октомври 2024 година

7. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 2 октомври 2024 година до 8 октомври 2024 година

8. Предлог на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство

9. Предлог – уредба за изменување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија

10. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Леска Пелагонија“ ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука

11. Информација за донесување на одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со Предлог-одлука

12. Предлог на закон за изменување на Законот за меѓуопштинска соработка, по скратена постапка

13. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Магделиниќ против Република Северна Македонија и 4 други апликации А.бр.13208/20, 54208/20, 54414/20, 55865/20 и 9786/21)

14. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот јануари - март 2024 година

15. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија (декември 2024 година - јуни 2025 година)

16. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „Forward Land Forces (FLF)“, во Република Бугарија

17. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје во студиската учебна 2024/2025 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

18. Предлог – одлука за изменување и дополнување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија

19. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок - дотации од обласга на културата во 2025 година

20. Информација за потребата од обезбедување на заем од Банката за Развој при Совет на Европа-ЦЕБ, за финансирање на активностите за изведба и опремување на училишни спортски сали и вршење на стручно технички надзор над изведбата во рамките на проектот „Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија

21. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија" на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со Предлог – решение

22. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Маркетинг" на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, со Предлог -решение

23. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „ИТ менаџмент" на Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, со Предлог – решение

24. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност" на Факултет за безбедност - Скопје, при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, со Предлог – решение

25. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Финансии" на Економски факултет - Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, со Предлог – решение

26. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историски науки" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со Предлог-решение

27. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Социјална работа и социјална политика“ на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

28. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународен бизнис“ на Економски факултет - Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог – решение

29. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент“ на Економски факултет - Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог - решение

30. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис информатика” на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола, со Предлог – решение

31. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Педагогија” на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, со Предлог – решение

32. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-англиски јазик“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

33. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - романистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

34. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика - македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

35. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи“ на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

36. Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик - славистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

37. Информацијата за потребата од донесување решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонски јазик и лингвистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

38. Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-општа и компаративна книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

39. Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-романистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

40. Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - германска книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

41. Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-славистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

42. Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хидрологија“ на Факултет за природни и технички науки, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог – решение

43. Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-германски јазик“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

44. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино

45. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште

46. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

47. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

48. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

49. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај

50. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел

51. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње

52. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Радовиш)

53. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип

54. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово)

55. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“ Кратово)

56. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ООУ „Д-р Владимир Полежиноски“- Кичево)

57. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ОУ „Св.Кирил и Методиј“ ц.о. Кочани)

58. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце (за потребите на ООУ „Шемшево“ с. Шемшево, Јегуновце)

59. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, Делчево)

60. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“ с.Лажани, Долнени)

61. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Лириа“ Чаир Скопје)

62. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Пенестиа“ Дебар)

63. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско (за потребите на ООУ „Даме Груев“ Градско)

64. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Гостивар)

65. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2023 година

66. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година

67. Годишен извештај за работењето на Оперативно техничката агенција за 2023 година

68. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2023 година

69. Барање за автентично толкување на член 39 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 46/06, 140/07, 107/08, 131/08, 26/13, 39/14, 61,15 и 226/15)

70. Барање за давање на автентично толкување на членовите 37, 38, 39, 40 и 41 од Законот за државните службеници, а во врска со член 87 став 3 и член 111 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 15/21 и 99/22) за стекнат степен на кариера на државни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Долнени

71. Иницијатива од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 став 1 алинеја 1 од Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање примарна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/2019)

72. Иницијатива од „Група избирачи“ Ана Бобинкова Мијаковска, Независна листа на предложени кандидати за пратеници во Изборна единица 1, за парламентарните избори 2024 година, од Скопје и Зоран Петковски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.130/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 точки 6, 7, 11 и 21, член 3, член 4 ставови 2, 3, 4, 5, 6 и 8, членови 6 и 7, член 11 став (3), член 26 став (10), член 27 ставови 4, 5 и 6, член 38-а ставови 5, 6, 7, 8 во делот „политичките партии“, член 55 став (3), членови 59, 61,62, 63 и 64 став (4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 127/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 146/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 72/20, 160/20, 74/21 и 215/21), како и членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/24)

73. Иницијатива од Љупчо Докузов, адвокат од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.180/2024, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 38-а од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.96/19) и член 62 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20)

74. Иницијативи од проф. д-р Виолета Маневска од Битола од Универзитетот Св.„Климент Охридски“ - Битола и проф. д-р Татјана Калевска, законски застапник на Технолошки-техничкиот факултет-Велес, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.163/2024 и У.бр.164/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 69 став 4 и член 4 став 1 точка 3) од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19)

75. Иницијатива од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.157/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 став 1 алинеја 9 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23)

76. Иницијатива од Оливер Давидовски од Скопје за оспорување на уставноста и законитоста на членот 9 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/17 и 189/19) и уставноста и законитоста на донесеното Автентично толкување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/15)

77. Иницијатива од Доне Лазаревски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.169/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 и член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23)

78. Иницијатива од Лилјана Поповска и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.186/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/2024)

79. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 102568 за КО Охрид 3, на КП бр.16877, викано место/улица „Град“, Имотен лист бр. 102569 за КО Охрид 3, на КП бр.16879 и КП бр.16880/1, викано место/улица „Град“ и Имотен лист бр.103078 за КО Охрид 3, на КП бр.16877, улица „Град “ и КП бр.16880/1, улица „К.М.Тито“

80. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5600 за КО Радуша - вонград, на КП бр.1216, викано место/улица „Нурф Варзе“

81. Известување од извршител Гордана Цутеска од Охрид, доставено под И.бр.501/2023 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.13104, за КО Охрид 2, на КП бр.8779, викано место/улица „Железничка“

82.Кадровски прашања

83.Прашања и предлози

84. Информација за примена на Законот за медијација

85. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2023 година

86. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2023 година

87. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата – ПВР, со прилози

88. Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2023 година, со табеларни прегледи

89. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“- Скопје, за периодот 1.1.2024-31.3.2024 година, со прилози

90. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ – п.о. Скопје, за период од 1.1.2024 до 31.3. 2024 година

91. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за образование и наука)

92. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за култура и туризам)

93. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за животна средина и просторно планирање)

94. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

95. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и втора одлука)

96. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесета одлука)

97. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Триесет и деветтата одлука)

98. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и седма одлука)

99. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

100. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 9 октомври 2024 година до 15 октомври 2024 година

101. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 9 октомври 2024 година до 15 октомври 2024 година

102. Предлог – уредба за спроведување на постапката за вработување на административни службеници

103. Информација за потребата од дополнување на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025 со нови правни акти кои се усогласуваат со правото на ЕУ

104. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година

105. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година

106. Информација за потпишување на Рамковен договор за воена соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со текст на Рамковен договор

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2022 година, Ревидираниот финансиски извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2022 година, финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година со Извештај од независен ревизор и Акцискиот план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од независниот ревизор, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата укажува предлагачот да го реализира Акцискиот план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од независниот ревизор, согласно обезбедените средства за соодветната фискална година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2023 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Скопје – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

**Точка 4**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила, за старо железо).

2. Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.472, дел 2, КО Злетово) У бр.03-779/1.

**Точка 6**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 2 октомври 2024 година до 8 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на

безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 2 октомври 2024 година до 8 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереници Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 9**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог – уредбата за изменување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Леска Пелагонија" ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за меѓуопштинска соработка, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за меѓуопштинска соработка кој се донесува по редовна постапка и заклучи пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на

Законот за меѓуопштинска соработка, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници Јулијана Павковска-Боцевска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и Сузана Најкова, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Магделиниќ против Република Северна Македонија и 4 други апликации А.бр.13208/20, 54208/20, 54414/20, 55865/20 и 9786/21, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (финансиски средства во вкупен износ од 3.465 евра во денарска противвредност, да бидат исплатени веднаш).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот јануари - март 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат, Министерството за здравство, Министерство за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за транспорт - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам и Агенцијата за национална безбедност, а се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Агенцијата за катастар на недвижности, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и ЕВН Македонија АД Скопје, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јануари, февруари и март 2024 година, по кои се уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија (декември 2024 година - јуни 2025 година).

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „Forward Land Forces (FLF)“, во Република Бугарија.

## Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје во студиската учебна 2024/2025 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 18

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија.

## Точка 19

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2025 година.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на заем од Банката за развој при Совет на Европа-ЦЕБ, за финансирање на активностите за изведба и опремување на училишни спортски сали и вршење на стручно - технички надзор над изведбата во рамките на проектот „Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за образование и наука во рок од пет дена да подготви и достави барање до Банката за развој при Советот на Европа за обезбедување на дополнителни средства во вид на заем во износ од 20 милиони евра, за финансирање на активностите за изведба и опремување на училишни спортски сали и вршење на стручно - технички надзор над изведбата во рамките на проектот „Изградба и опремување на 145 училишни

спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија“.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија” на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија” на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Маркетинг” на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог -решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Маркетинг” на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „ИТ менаџмент” на Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „ИТ менаџмент” на Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност“ на Факултет за безбедност - Скопје, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност” на Факултет за безбедност – Скопје, при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Финансии“ на Економски факултет - Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Финансии“ на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историски науки“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историски науки“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Социјална работа и социјална политика“ на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Социјална работа и социјална политика“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународен бизнис“ на Економски факултет - Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународен бизнис” на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент“ на Економски факултет - Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент“ на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис информатика” на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис информатика” на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Педагогија” на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Педагогија” на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје.

## Точка 32

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-англиски јазик“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-англиски јазик“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## Точка 33

Владата повторно ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - романистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“

при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - романистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 34**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика - македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 35**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи“ на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи” на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Точка 36**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик - славистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик - славистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 37**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонски јазик и лингвистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонски јазик и лингвистика”

на Филолошки факултет „Блаже Конески”, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

**Точка 38**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-општа и компаративна книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-општа и компаративна книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**Точка 39**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-романистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-романистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 40**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - германска книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-германска книжевност“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 41**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-славистика“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-славистика” на Филолошки факултет „Блаже Конески” при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје.

**Точка 42**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хидрологија“ на Факултет за природни и технички науки, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Хидрологија” на Факултет за природни и технички науки, при Државен универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Точка 43**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-германски јазик“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-германски јазик” на Филолошки факултет „Блаже Конески”, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Луиѓ Гуракуќи“ с.Желино- Желино) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите ООУ „Ибрахим Темо“ с.Стримница, Желино).

**Точка 45**

Владата ги донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Мехмет Дерала“ с.Градец Врапчиште) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Сали Лиси“ с.Добри Дол).

**Точка 46**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Тетово).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово(за потребите на ООУ „Наим Фрашери“, Тетово).

**Точка 47**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Маршал Тито“ Струмица).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Герас Цунев“ с.Просениково Струмица).

**Точка 48**

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Подгорци).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Јосип Броз Тито“ Струга).

**Точка 49**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Фаик Коница“ с.Радуша – Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Дрита“ с.Рашче – Сарај, Скопје).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Дитуриа“ Сарај - Скопје, Република Северна Македонија Скопје).

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Петар Здравковски-Пенко“, Бутел, Скопје) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен- Бутел Скопје).

## Точка 51

Владата ги донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Абдил Фрашери" с.Боговиње, Боговиње), Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сабедин Бајрами" с.Камењане, Боговиње) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сами Фрашери" с.Пирок Боговиње).

## Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Никола Карев", Радовиш).

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (за потребите на ООУ „Никола Карев" Пробиштип).

## Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово).

## Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин" Кратово).

## Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ООУ „д-р Владимир Полежиноски"- Кичево).

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ОУ „Св.Кирил и Методиј" ц.о. Кочани).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце (за потребите на ООУ „Шемшево“, с. Шемшево, Јегуновце).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, Делчево).

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“ с.Лажани, Долнени).

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Лириа“ Чаир Скопје).

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Пенестиа“ Дебар).

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско (за потребите на ООУ „Даме Груев“ Градско).

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Гостивар).

**Точка 65**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2023 година и притоа го утврди следново мислење:

Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, согласно член 6 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/14, 53/16 и 11/18), за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Извештајот содржи податоци согласно законските надлежности, односно број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и статистичка анализа на постапките на правна заштита.

Во текот на 2023 година, Државната комисија примила вкупно 665 предмети, 44 предмети пренесени од претходната година за решавање, што значи дека за решавање во изминатата година имало 709 предмети.

Од вкупниот број на предмети што биле за решавање во 2023 година, Државната комисија решила 44 предмети од пренесените предмети од претходната година и 518 предмети од примените во 2023 година, односно во текот на извештајниот период Државната комисија решила 562 предмети. Исто така во 2023 година биле решени 50 предмети по уважени пресуди на Уставниот суд на Република Северна Македонија или вкупно заедно со погоре наведените предмети 612 предмети односно 81% од вкупниот број на предмети за решавање.

Државната комисија, од вкупниот број на решени предмети во 2023 година, прифатила вкупно 297 жалби од кои 40 предмети биле по примени тужби од Управниот суд на Република Северна Македонија со кои е поништено решението на Државната комисија. Исто така од вкупниот број решени предмети една жалба била прифатена за која мериторно се одлучувало, а 250 жалби одбила од кои 9 жалби Државната комисија ги одбила постапувајќи по уважена пресуда на Управниот суд на Република Северна Македонија. Од вкупно решените предмети во 2023 година, Државната комисија отфрлила вкупно 31 жалби, од кои една жалба постапувајќи по уважена пресуда на Управниот суд на Република Северна Македонија, а за 11 жалби ја запрела постапката.

Во текот на 2023 година, три предмети биле препратени на понатамошна надлежност на првостепениот орган, како надлежен орган. Државната комисија во 2023 година архивирала вкупно 4 предмети, а евидентирала 15 предмети кои биле оформени пред комисијата, а биле решени од страна на првостепениот орган.

Вкупниот буџет за 2023 година изнесувал 30.003.000,00 денари, а неговата реализација на крајот на 2023 година изнесувал 26.542.601,00 денари.
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за

одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2023 година.

**<u>Точка 66</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 27/14, 42/14, 127/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21, 227/22 и 284/23), Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги е надлежна за следење и осигурување на постојано, редовно и непречено спроведување на универзалната услуга, ги води постапките за лиценцирање на давателите на поштенските услуги, води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите на Законот за поштенските услуги, како и надзор над спроведувањето на Законот за поштенските услуги.

Согласно наведеното, во Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година, е констатирано дека Анализата на пазарот е вршена врз основа на непроверени податоци кои ги давале поштенските оператори, за истото не постои однапред утврдена методологија и со самото тоа во изминативе години се работело нестручно, што пак, врз основа на такви податоци довело еден од давателите на поштенски услуги да стекне фаворизирана позиција и да го има приматот во обезбедувањето на пратките за коресподенција и пакети, како и да стекнува признанија, имајќи го предвид неговиот удел на пазарот на поштенските услуги.

Исто така, согласно Финансискиот извештај за 2023 година, кој е дел од Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти, ставката 413. Дневници за службени патувања и патни трошоци изнесува 1.045.717,00 денари, но и покрај остварените патувања и претпоставениот бенефит од истите, сепак нема никаков извештај за истите во Годишниот извештај. Имено, службеното патување на делегацијата што се однесува на Билатералниот скрининг за Поглавје 8 „Политика на конкуренција“, кластер „Внатрешен пазар“, одржан во Брисел, во периодот од 10 до 14 март 2023 година, истиот воопшто не е споменат во Годишниот извештај, а се однесува на „Политика на конкуренција“, односно на последното поглавје во агендата на билатералниот скрининг 2 „Внатрешен пазар“.

Од јавно достапните податоци и записници на Комисијата на Агенцијата за пошти, Комисијата на Агенцијата за пошти одржала состанок на 29.12.2023 година и го усвоила Записникот од 17/2023 од состанок, одржан на 4.12.2023 година и на истиот состанок е донесена Одлука за 13 плата на директорката на Агенцијата за пошти, додека пак на состанокот, одржан на 4.1.2024 година, Комисијата за пошти донела, покрај Решение за втор дел од годишен одмор за 2023 година на директорката на Агенцијата и Одлука за престанок на мандат на директорката Билјана Аврамовска-Ѓореска и Одлука за избор на директор на Агенцијата за пошти.

Исто така, Агенцијата за пошти и Комисијата на Агенцијата за пошти не утврдија нов модел за финансирање на универзалната услуга кој би бил посоодветен и ќе одговара на реалната состојба и условите на поштенскиот пазар во нашата земја, кој би можел да се имплементира во пракса и би дал реални резултати во обезбедувањето на универзалната услуга.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година.

## Точка 67

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Оперативно техничката агенција за 2023 година и нема забелешки по истиот.

## Точка 68

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно член 6 од Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16 и 11/18), за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2023 година, со број 0102-284/2 од 26.3.2024 година, наведено во официјалниот допис од Собрание на Република Северна Македонија, до Влада на Република Северна Македонија е доставено согласно законскиот рок, односно на 26.3.2024 година со архивски број 08-2105/1.

Извештајот содржи податоци согласно законските надлежности, односно број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и статистичка анализа на постапките на правна заштита.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Владата на Република Северна Македонија од аспект на своите надлежности, Ве известува дека нема забелешки по однос на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2023 година.

## Точка 69

Владата го одложи од разгледување Барањето за автентично толкување на член 39 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 46/06, 140/07, 107/08, 131/08, 26/13, 39/14, 61,15 и 226/15), поради потребата Министерството за надворешни работи и трговија да го допрецизира значењето на ставот 2, односно да наведе дали да се прифати Барањето за автентично толкување на предметната одредба, имајќи предвид дека во првичното мислење се наведува дека „законската одредба е конкретна и јасна и дека истата претставува императивна обврска, која треба да се исполни во постапката за именување на амбасадор".

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 70

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 37, 38, 39, 40 и 41 од Законот за државните службеници, а во врска со член 87 став 3 и член 111 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 15/21 и 99/22) за стекнат степен на кариера на државни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Долнени и притоа го утврди следново мислење:

Со донесувањето на Законот за државните службеници (2000 година) се создадоа услови за развој на професионална, политички неутрална, компетентна, одговорна и стабилна државна служба, како ефикасен сервис на граѓаните. Законот го утврди корпусот на државната служба и го дефинира поимот државен службеник, врз основа на два критериуми: организациски и функционален. Според првиот, тоа се вработените во органите на државата, а според вториот тоа се вработените кои ги спроведуваат функциите на државата. Законот и неговите подзаконски акти, ги уредува основите на принципите и стандардите за општите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во органите на државната управа, како и описот на звањата и нивната соодветност во однос на дотогашните.

Утврдени се начинот, постапката и критериумите на спроведувањето на постапката за вработување и посебно на спроведувањето на стручниот и приправничкиот испит, како значаен сегмент од постапката за вработување на државни службеници, како и постапките за нивно оценување и собирање и обработка на податоци за државните службеници, преку востановувањето на Регистар на државни службеници. Со Главата IV од посочениот закон беше уреден системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници. Членот 34 предвидуваше дека платата на државниот службеник се состои од две компоненти (основна и исклучителна), а основната компонента ја сочинуваат (основна плата, додаток на плата за звање и додаток на плата за кариера). Членот 38 предвидуваше дека секое звање има четири степени на кариера (А, Б, В и Г) на работното место на кое е

распореден државниот службеник, со која се обезбедува право на исплата на додаток на плата за кариера, на предлог на непосредно претпоставениот државен службеник, а за кое нешто одлучува министерот односно функционерот кој раководи со органот. Членот 40 предвидуваше дека доколку државниот службеник е унапреден во звање на повисоко ниво, му се исплатува основна плата и додаток на плата за звање во кое е тој унапреден.

Со член 2 од Законот за изменување на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/07), предвидено беше дека одредбите од Глава IV. Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година, освен одредбите кои се однесуваат на основната компонента на плата без додаток за кариера кои се применуваат од 1 април 2006 година.

Од содржината на претходно цитираните одредби може да се заклучи дека системот на плати со додатоци се применува од 1 јануари 2008 година, а во случај на спроведување на постапка за унапредување на државен службеник, на унапредениот државен службеник му се исплатува основна плата и додаток на плата за звање во кое е тој унапреден.

Со оглед на околноста дека се работи за системско решение кое во периодот на примена има претрпено повеќе измени и дополнувања (од кои две се со поголем обем и претставуваа воведување на значителни подобрувања или новитети во државната служба) чија цел била да се создаде ефикасна и современа државна служба, законодавецот со Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/09) ја доразработува постапката за вработување и мобилноста во државната служба, како и го прецизира системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници. Имено, со членовите 14 и 15 се менуваат членовите 37 и 38 од Законот за државните службеници и според истите се предвидува дека секое звање, освен секретарот, има четири степени на кариера, а степенот на кариера обезбедува право на исплата на додаток на плата за кариера во соодветен процент од додатокот за звање и тоа: за степен А-5%, за степен Б-10%, за степен В-15% и за степен Г-20 %. Одредбите од членовите 37 и 38 од Законот за државните службеници регулираа дека додатокот на плата за кариера е врзан со звањето на државниот службеник и државниот службеник во зависност од оценувањето и должината на работниот стаж на државниот службеник се стекнува со истото. Секое понатамошно унапредување или пак вработување во повисоко звање од звањето со кое се стекнал државниот службеник, врз основа на членот 37 став (3) му овозможува стекнување на степен на кариера според редослед како што е предвиден во претходно наведениот член, со што се обезбедува професионален развој и вреднување на успехот и стручноста во неговото работење.

Со новиот Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14), се воспоставува целосен и синхронизиран систем на администрација базиран на знаење, односно воведување на целосно нов модерен пристап кон управувањето со човечките ресурси, со елементи на корпоративно

управување, согласно со најдобрите светски практики за управување базирано на компетенции преку уредување на статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособувањето, мерењето на учинокот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Членот 86 предвидува дека платата на административниот службеник се состои од основна и исклучителна компонента, а членот 87 предвидува дека основната компонента на плата ја сочинуваат дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж. Со членот 106 од истиот е предвидено дека актите за систематизација на работни места на институциите ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Уредбата за описите на нивоата на работни места на административните службеници, која е донесена на 30 април 2014 година, а објавена во Службен весник на 7 мај 2014 година. Согласно член 111 став (1) постапките за државните службеници кои се однесуваат на вработување, со и без пробна работа, дисциплинските постапки и постапките за оценување, започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, односно жалбите и приговорите поднесени до Агенцијата до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13 и 106/13). Членот 111 став (4) е јасен и со него е регулирано дека на државниот службеник на кој до денот на влегувањето во сила на овој закон му се исплаќа додаток за степен на кариера согласно со Законот за државните службеници, износот на додатокот за степен на кариера ќе му биде пресметан како дополнителни бодови во вредност на исплатениот додаток, во делот на плата за нивото од членот 87 став (3) од овој закон. Односно, за административниот службеник промената на звање/ниво на работно место, преку ново вработување или унапредување согласно Законот за административни службеници, значи и промена на делот на плата за ниво и губење на стекнатиот степен на кариера.

Со преодните и завршните одредби на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14,199/14, 48/15, 154/15,5/16,142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22) уредени се започнатите постапки за државните службеници.

Од содржината на цитираните законски одредби произлегува дека со Законот за административни службеници е воспоставен целосен и синхронизиран систем на администрација базиран на знаење, односно воведување на целосно нов модерен пристап кон управувањето со човечките ресурси, со елементи на корпоративно управување, согласно со најдобрите светски практики за управување базирано на компетенции преку уредување на статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособувањето, мерењето на учинокот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници.

Платата и надоместоците на плата согласно одредбите од Законот за административни службеници се уредени под услови и критериуми со самиот закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено.

Имено, одредбите за кои се однесува Барањето за автентично толкување предвидуваат дека износот на додатокот за степен на кариера кој на државните службеници им следувал согласно уреденоста во Законот за државните службеници, понатаму со Законот за административни службеници истиот ќе им се пресметува на административните службеници како дополнителни бодови во вредност на исплатениот додаток, во делот на плата за нивото и на овој начин се обезбедува континуитет на додатокот за стекнат степен на кариера сега пресметан како дополнителни бодови. Спротивно на Уставот и законот би било непресметување на додатокот за степен на кариера на било кој начин.

Во изминатиот период се покренати тужбени барања во однос на додатокот за степен на кариера во постапка на унапредување, а голем број од нив се и правосилни. Потребно е да се има предвид дека Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, заради воедначување на судската практика помеѓу советите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата на Советот, одржана на 12.7.2022 година, утврди ПРАВНО МИСЛЕЊЕ: Со унапредување на административниот службеник се укинува додатокот за степен на кариера предвиден со Законот за државните службеници, од причини што согласно Законот за административните службеници, додатокот за степен на кариера вредносно се изразува во делот од плата за ниво од член 87 став 3 од наведениот закон на кое е распореден унапредениот административен службеник.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на членовите 37, 38, 39, 40 и 41 од Законот за државните службеници, а во врска со членовите 87 став (3) и 111 став (4) од Законот за административни службеници.

## Точка 71

Владата ја разгледа Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 став 1 алинеја 1 од Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање примарна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 став 1 алинеја 1 од Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање примарна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.199/2019), од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбата од член 8 став 2 од Законот за бесплатна правна помош.

Според подносителот, оспорената одредба од член 2 став 1 и алинеја 1 во Тарифата (подзаконски акт), предвидува исплатување на трошоци на давателите на примарната правна помош и тоа со одреден број на бодови токму за иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош, што е во спротивност со член 8 став 2 од Законот за бесплатна правна помош кој децидно пропишува дека при давањето на примарна правна помош, давателот го известува заинтересираното лице за правата и обврските на корисниците на бесплатна правна помош и за постапката за добивање на примарна и секундарна правна помош, без никаков надоместок.

Владата смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Во член 6 од Законот за бесплатна правна помош е опишан опсегот на примарната правна помош, и тоа:

Примарна правна помош опфаќа:
- иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство,
- составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Обврските на давателите на примарна правна помош се опишани во член 8 од истиот закон:

(1) Давателите се должни да даваат примарна правна помош и да соработуваат меѓусебно согласно одредбите од овој закон.
(2) При давањето на примарна правна помош од ставот (1) на овој член, давателот го известува заинтересираното лице за правата и обврските на корисниците на бесплатна правна помош и за постапката за добивање на примарна и на секундарна правна помош, без никаков надоместок.
(3) Давателот има обврска на лицето да му помогне да го пополни барањето за секундарна правна помош како и изјавата за неговата финансиска состојба и финансиската состојба на членовите на неговото семејство, кон кое се приложени оние документи кои само лицето ги поседува и може да ги обезбеди, а се однесуваат на правното прашање за чие решавање се бара правна помош. Министерството по службена должност ги прибавува и сите други потребни документи од надлежни институции.
(4) Врз основа на првичната средба со лицето и целокупната прибавена документација, давателот најдоцна во рок од два дена од средбата ќе изготви кратко

писмено мислење за предметот кое ќе го приклучи кон списите и ќе го комплетира барањето за секундарна правна помош.
(5) Здружението или правната клиника во рок од четири дена од приемот на барањето, истото го доставува до подрачното одделение на Министерството кое се наоѓа на подрачјето на кое лицето има живеалиште или престојувалиште.
(6) Давателите водат евиденција за дадената примарна правна помош.
(7) Здружението за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош е должно да доставува месечни извештаи до Министерството. Правната клиника е должна да доставува извештаи на секои шест месеци до Министерството.
(8) За дадената примарна правна помош здружението и правната клиника имаат право на надоместок согласно со членот 12 од овој закон.
(9) Министерот за правда ги пропишува содржината, формата и начинот на водење на евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош од ставот (6) на овој член, како и содржината на извештаите од ставот (7) на овој член.

Законодавецот предвидел и одговорности за давателите на примарна правна помош во член 9:

(1) Доколку е предизвикана штета при давањето на примарна правна помош од страна на овластеното службено лице на Министерството (во натамошниот текст: овластеното службено лице) надоместокот на штета паѓа на товар на буџетот на Министерството.
(2) Здружението е одговорно за дадената примарна правна помош.
(3) Доколку е предизвикана штета при давањето на примарна правна помош од страна на здружението, надоместокот на штета паѓа на товар на здружението.
(4) Правната клиника е одговорна за дадената примарна правна помош.
(5) Доколку е предизвикана штета при давањето на примарната правна помош од страна на правната клиника, надоместокот на штета паѓа на товар на правниот факултет во кој како организациона единица се наоѓа правната клиника.

Во член 12 законодавецот предвидел надоместок на здружението и правната клиника како даватели на примарна правна помош:

(1) Здружението и правната клиника кои не се финансираат согласно со членот 11 од овој закон, имаат право на надоместок за дадената примарна правна помош за секој предмет одделно за кој е одобрено барање за секундарна правна помош.
(2) Здружението и правната клиника имаат право на надоместок и за дадената примарна правна помош од членот (6) алинеи 5 и 6 од овој закон за следните лица:
- корисници на права на парична помош од социјална заштита,
- приматели на инвалидска пензија и
- жртви на семејно и родово базирано насилство.
(3) Надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член се пресметува врз основа на трошковникот за обемот на извршената работа, а согласно Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош.

(4) Министерот ги пропишува образецот за Трошковникот и Тарифата од ставот (3) на овој член.

Согласно Законот за бесплатна правна помош, примарната и секундарната правна помош е бесплатна, односно без надоместок за заинтересираното лице, кои ќе може да се обратат до подрачните канцеларии на Министерството за правда, здруженијата или правните клиники.
Во подрачните канцеларии на Министерството за правда примарната правна помош ја даваат вработените на Министерството за правда.

Во канцеларијата на здружението примарната правна помош ја дава дипломиран правник со положен правосуден испит согласно член 10 од Законот за бесплатна правна помош.

Во канцеларите на правните клиники, примарната правна помош ја дава правната клиника која е организациона единка на правен факултет од Универзитет кој е рангиран меѓу првите седум рангирани универзитети во Република Северна Македонија согласно член 10 од Законот за бесплатна правна помош.

Имено, согласно член 12 став 1 од Законот за бесплатна правна помош „ Здружението и правната клиника кои не се финансираат согласно со членот 11 од овој закон, имаат право на надоместок за дадената примарна правна помош за секој предмет одделно за кој е одобрено барање за секундарна правна помош“, согласно член 12 став 2 од истиот закон „Здружението и правната клиника имаат право на надоместок и за дадената примарна правна помош од членот (6) алинеја 5 и 6 од овој закон за следните лица: корисници на права на парична помош од социјална заштита, приматели на инвалидска пензија и жртви на семејно и родово базирано насилство“, што значи дека заинтересираното лице добива примарна и секундарна правна помош без никаков надоместок, а согласно ставот 5 член 12 Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на Трошковникот од ставот 3 член 12, има обврска истиот да го разгледа и да донесе решение со кое се одобрува или не се одобрува исплатата.

Имајќи го предвид горенаведеното, член 2 став 1 алинеја 1 од Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 199/19), која е донесена од министерот за правда врз основа на член 12 став (4) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), не е во спротивност со член 8 став 2 од Законот за бесплатна правна помош, односно оспорената одредба е во согласност со Законот и Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оваа одредба од Тарифникот.

## Точка 72

Владата ја разгледа Иницијативата од „Група избирачи“ Ана Бобинкова Мијаковска, Независна листа на предложени кандидати за пратеници во Изборна единица 1, за парламентарните избори 2024 година, од Скопје и Зоран Петковски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.130/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 точки 6, 7, 11 и 21, член 3, член 4 ставови 2, 3, 4, 5, 6 и 8, членови 6 и 7, член 11 став (3), член 26 став (10), член 27 ставови 4, 5 и 6, член 38-а ставови 5, 6, 7, 8 во делот „политичките партии“, член 55 став (3), членови 59, 61,62, 63 и 64 став (4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 127/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 146/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 72/20, 160/20, 74/21 и 215/21), како и член 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/24) и притоа ве информира дека не може да се произнесе по истата бидејќи предметниот закон е предложен од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 73

Владата ја разгледа Иницијативата од Љупчо Докузов, адвокат од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.180/2024, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 38-а од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.96/19) и член 62 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и притоа го утврди следното мислење:

Во доставената Иницијатива подносителот бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 38-а од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 62 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), со предлог судот да донесе времена мерка до денот на донесување на конечна одлука на судот со која оспорените одредби се поништуваат или укинуваат.

Подносителот во Иницијативата наведува дека законодавецот со одредбите во членот 38-а од Законот за судовите и член 62 став 2 од Законот за јавното обвинителство спротивно на член 32, член 8 член 9 став 1 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, ги ограничил и довел во нерамноправна положба и нееднаков третман судиите и јавните обвинители кои имаат судиски стаж до две години да постапуваат само по одреден вид предмети, иако во член 32 од Уставот кој гарантира право на работа и слободен избор на вработување и секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, како и спротивно на Амандманите XXVII

и XXX на Уставот и членот 103 од Уставот кои се однесуваат на правата на судиите и јавните обвинители.

Владата во врска со изнесените наводи во Иницијативата укажува за следното:

Потребата од воведување на оспорените одредби во 2019 година е последица од претходно утврдената слабост во примената на претходното законско решение, со кое новоизбран судија или јавен обвинител веднаш имаше можност да добие најсложен предмет, иако нема соодветно судиско искуство, што доведуваше до зголемен број жалби до повисокиот суд и утврдени повреди на постапката, а тоа до оддолговлекување на постапката и понизок квалитет на правдата, стандарди гарантирани со членот 6 на Европската конвенција за човекови права за фер и правично судење. Дополнително, при подготовката на законското решение, беше прифатено Мислењето на Венецијанската комисија и усогласено со барањата од експертската мисија и стандардите за независно судство, како и споделените искуства од европската мрежа на академии за судии и јавни обвинители во која членуваме.

Врз основа на мислењата на Венецијанската комисија, се пристапи кон надминување на предизвиците и усогласување со препораките, особено во делот на зајакнување на квалитативните критериуми. Имено, дотогашната пракса во судовите покажа дека по изборот на судиите во судовите, без оглед на нивниот претходен студиски стаж или прв избор, покрај полесен вид на предмети на судиите се доделуваа во работа и најобемни и најтешки предмети, што резултираше со проблеми при водењето на постапката, како и дисциплински постапки против судиите. Од овие причини, се воведе одредбата од членот 38-а во Законот за судовите која гласи: „Судија на основен суд со проширена надлежност со судиски стаж до две години, може да одлучува само во постапки од членот 30 од овој закон.“.

На овој начин, судиите избрани во суд со проширена надлежност со судиски стаж до две години постапуваат како да се избрани во суд со основна надлежност.

Во однос на наводот на подносителот дека дел од кандидатите за судии и јавни обвинители, кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители, имаат подолг правнички стаж како адвокати или правобранители со што би можеле да постапуваат по сложени предмети се укажува дека не е соодветен, од причина што сите кандидати кои успешно ја завршиле Академијата се смета дека се стекнале со знаење за нова вештина, односно да ја вршат функцијата судија или јавен обвинител. Тоа не значи дека кандидатите со претходно помало правничко искуство не се спремни и вешти да ја извршуваат функцијата судија или јавен обвинител, ниту пак дека кандидатите со поголемо правничко искуство подобро ќе ја вршат функцијата.
Имено, законодавецот согласно Уставот, законот и меѓународните стандарди на сите завршени кандидати на Академијата им овозможува еднаква и рамноправна положба да ја вршат функцијата судија или јавен обвинител. Извршувањето на судиската и јавнообвинителската функција е вештина која е различна од извршувањето на адвокатска дејност или било која друга правничка професија.

Барањата за овозможување на стандардите за независно судство се највисок приоритет за да се овозможи владеењето на правото. Оттаму, согласно разумно расудување може да се донесе заклучок дека потребно е време да се совлада примената на стекнатото знаење на Академијата на највисоко ниво. Слично како и за секое друго работно место во државата, на почетник не може да му се даде најсложена работна задача и да се очекува дека истата ќе ја изврши во најкраток рок без грешки. Согласно споделените искуства од државите членки на Европската Унија, во нашиот судиски систем се воведени и судии ментори кои на судијата почетник во совладувањето на новата вештина ќе ги споделат своите искуства за побрзо да биде совладана техниката на судење.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби на член 38-а од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 62 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати оваа иницијативата, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## <u>Точка 74</u>

Владата ги разгледа иницијативите од проф. д-р Виолета Маневска од Битола од Универзитетот Св.„Климент Охридски“ - Битола и проф. д-р Татјана Калевска, законски застапник на Технолошки-техничкиот факултет-Велес, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.163/2024 и У.бр.164/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 69 став 4 и член 4 став 1 точка 3) од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и притоа го утврди следното мислење:

Во доставените иницијативи подносителите бараат од Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 69 став (4) и член 4 став 1 точка 3) од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), од причина што се спротивни на Амандман XXI став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, членовите 50 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија, како и членовите 104 и 109 од Законот за општата управна постапка.

Според подносителите на Иницијативата, со побиваната одредба која гласи: „4) Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт кој не бил донесен во утврдениот рок“, правото на жалба се ограничува со дополнителни услови, што овозможува субјективно и дискреционо право на судијата преку донесувањето на одлуката да

дозволува или не дозволува право на жалба, кое е уставно загарантирано право на граѓанинот.

Подносителите, понатаму во Иницијативата конкретно се повикуваат на неправилно постапување на Управниот суд во конкретни поединечни судски предмети и очигледно го изразуваат своето незадоволство од одлуките на Управниот суд по конкретен поединечен судски предмет.
Уставниот суд на Република Северна Македонија, во рамки на надлежноста за оценување на уставноста и законитоста на нормативните акти, истата ја остварува за важечки општи акти, но нема надлежност за постапување по поединечни конкретни судски акти и предмети, согласно што се укажува за потребата Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги отфрли иницијативите, бидејќи во суштина се однесуваат на незадоволство на странки од конкретни управни акти на суд.

Истовремено, се истакнува дека подносителите на иницијативите при оспорувањето на одредбата од член 69 став 4 од Законот за управни спорови воопшто не ги имале предвид одредбите од членот 60 од Законот за управни спорови, каде Законот уредува кога се усвојува тужбеното барање и јасно го определува и разграничува постапувањето на судијата при постоење на различни околности. Така, во член 60 ставот 1 од истиот закон, законодавецот определува случаи на полна јурисдикција на судот за донесување на пресуда со која во целост се заменува поништениот акт. Во член 60 став 2 од Законот е определен случај кога: „Ако судот најде дека јавниот орган во утврдениот рок не го донел поединечниот акт кој според прописите требало да биде донесен, со пресудата ќе го усвои тужбеното барање и самиот ќе ја реши управната работа.“.

Во ставот (3) од истиот член се уредува исклучокот од ставот 1 и условите кога судот нема да го реши предметот во полна јурисдикција, односно судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел и тоа:
- доколку тужениот орган решавал по слободна оценка,
- доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба.

Во ставот (4) од истиот член на Законот, се уредува дека „Ако судот најде дека оспорениот управен акт бил донесен од страна на ненадлежен орган, со пресудата ќе го прогласи таквиот акт за ништовен.“.

Во ставот (5) од истиот член на Законот се уредува дека „Доколку судот го поништи управниот акт и предметот го врати на органот кој го донел управниот акт, во пресудата ќе му нареди на тужениот орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.“.

При тоа, тужениот орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката.
Во ставот (6) од истиот член, Законот уредува „кога судот постапува по изјавена тужба против управен акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање пред првостепениот орган согласно ставот 5, постапувајќи по тужбата должен е самиот да ја реши управната работа, при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.“.

Во ставот (7) од истиот член на Законот се уредува санкција за непочитување на одлуката на судот: „Ако одговорното или овластеното лице, од неоправдани причини, не постапи согласно одредбите на ставот (5) на овој член, судот по предлог на тужителот или по службена должност ќе му изрече парична казна во износ од 20% од месечната плата на тоа лице.“.

Во цитираните одредби од членот 60 од Законот за управни спорови, законодавецот на јасен и недвосмислен начин го уредил постапувањето на судијата по поднесено тужбено барање за конкретен поединечен управен акт и целосно го уредил и ограничил дискреционото постапување и слободното судско уверување.

Во членот 69 став 4 од Законот за управни спорови се уредени случаите каде правото на жалба не е дозволено, а согласно логичко причинско-последично правно расудување на кое се укажува:

Имено, во првиот случај од оспорениот член 69 став 4 од Законот за управни спорови, „жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган“, од причина што судот по службена должност внимава на ништовноста на поединечен управен акт. Кога управен акт е ништовен или прогласен за ништовен, истиот во правниот поредок не постои, сите преземени дејствија се поништуваат и предметот се враќа на повторно одлучување на управниот орган (во случаите кога не се исполнети условите за полна јурисдикција на судот, односно наведените исклучоци регулирани во членот 60 од Законот за управни спорови). Жалбата во овој случај е нецелисходна, бидејќи не може да опстои управен акт кој од судот бил поништен и незаконит без разлика на правото на кое би се повикал жалителот.

Во вториот случај од оспорената одредба на член 69 став 4 од Законот за управни спорови, не е дозволена жалба „против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да донесе поединечен акт кој воопшто не бил донесен и во утврдениот рок.“.

Не е дозволена жалба од следниве правно логички причини:

Имено, најпрво лицето поднело тужбено барање во кое се жали дека управниот орган не постапил и не одлучил во законскиот рок, а судот врз основа на тоа тужбено барање донел одлука дека управниот орган не донел одлука во дадениот рок и заради тоа го задолжил управниот орган согласно закон да донесе одлука во

определен рок. Овозможувањето на жалба во овој случај би значело дека истото лице кое прво барало управниот орган да донесе одлука, ќе се жали зошто управниот орган воопшто донел одлука која согласно закон морал да ја донесе, што е целосно нелогично, контрадикторно и небулозно за да опстои.

Во однос на наводите за оспорување на конечноста на управниот акт дефинирана во член 4 став 1 точка 3) од Законот за управни спорови: „3) Конечен управен акт“ е оној поединечен управен акт против кој не може да се изјави жалба според прописите кои ја уредуваат управната постапка“, подносителот во Иницијативата целосно погрешно ја толкувал одредбата преку конкретен судски предмет по кој одлучувал Управниот суд. Имено, во одредбата се врши дефинирање на конечноста на акт согласно Законот за општата управна постапка, со цел определување на можност и право да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од член 69 став (4) и член 4 став 1 точката 3 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ги прифати иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 69 став (4) и член 4 став 1 точката 3) од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## Точка 75

Владата ја разгледа Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.157/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 став 1 алинеја 9 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот на уставната Иницијатива, наведува дека оспорената одредба била нејасна и неразбирлива и оставала простор за недоумица и нејаснотии во практикувањето на правото, кое нешто имало за последица нарушување на правната сигурност и владеењето на правото.

Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека оспорената одредба од член 40 став (1) алинеја 9 од актуелниот Закон за извршување упатувала на тоа дека извршителот помеѓу останатото врши и „продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка, по барање на стечајниот управник, освен продажба на деловниот потфат“, кое нешто било сосема нејасно и спротивно на останатите одредби од Законот за извршување, како и на одредбите од Законот за стечај.

Воедно, наведува дека извршителот како лице со јавни овластувања согласно Законот за извршување воопшто немал никакво учество во стечајната постапка, врз имотот на должникот кој влегувал во стечајната маса, па останува апсолутно нејасно како тоа истиот „врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка, по барање на стечајниот управник“, кое нешто не го познавал Законот за извршување, ниту пак Законот за стечај, дотолку повеќе што не било можно истовремено да се водат и стечајната постапка и постапки за извршување (или обезбедување) врз имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајната маса, поради што смета дека одредбата е спротивна на член 8 став (10) алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата од следните причини:

Со член 40 се уредуваат дејствијата кои е овластен да ги презема извршителот.

Според член 40 став (1) алинеја 9 од Законот за извршување, извршителот врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка, по барање на стечајниот управник, освен продажба на деловниот потфат. Понатаму во алинејата 16 е утврдено дека презема и други дејствија во врска со доверени работи од судот, алинејата 17 определила право да презема дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа, а алинејата 19 пак определува и можност за преземање на други дејствија предвидени со други закони. Според изнесеното јасна е интенцијата на законодавецот на извршителите да им дава надлежност да преземаат и други дејствија и активности кои не се стриктно врзани со присилни извршувања во конкретни предмети, а смислата за тоа законодавецот ја гледа во острученоста и докажаноста на извршителите кои 18 години ги вршат своите овластувања и должности.

Од друга страна во глава шеста од Законот за стечај, која се однесува на разлачни доверители, во членот 128 од Законот, се уредува кои се разлачни доверители.

Разлачниот доверител има право на одвоено намирување на своите побарувања.

Според членот 107 став (3) од Законот за стечај, ако доверителот со право на одвоено намирување повел постапка за извршување на недвижност за присилно намирување на своето побарување пред отворање на стечајната постапка, недвижноста ќе се продаде според постапката за извршување што ја покренал доверителот со право на одвоено намирување. Според став (2) од истиот член од Законот, по впаричување на имотот или правото над кое постои право на одвоено намирување запишано во јавна книга, надлежниот извршител прво ќе ги намири трошоците од спроведеното извршување и остатокот од средствата ќе ги предаде на стечајната сметка.

Според член 110 став (1) од Законот за стечај, пред да изврши продажба на предметот наведен во членот 108 од овој закон на некое трето лице, стечајниот управник ќе го

извести доверителот со право на одвоено намирување за начинот на кој планира да ја изврши таа продажба. Стечајниот управник ќе му даде можност на овој доверител тој самиот, во рок од осум дена, да предложи некој друг, за него поповолен начин за продажба на предметот. Според став (2) од истиот член, кога доверителот во рок од осум дена пред продажбата, го доставил бараното известување со кое тој предлага некој друг за него поповолен начин за продажба, стечајниот управник ќе го прифати предлогот за поповолна продажба, ако доверителот приложи обврзувачка понуда (договор, гаранција или друго обезбедување) за откуп на заложениот имот.

Од горенаведеното, доверителот кој во стечајна постапка е разлачен доверител односно со право на одвоено намирување, може да побара од стечајниот управник продажбата на подвижните предмети да се изврши на друг поповолен начин за продажба на предметот, односно преку извршител, кој предлог стечајниот управник може да го прифати ако доверителот приложи обврзувачка понуда.

Во тој случај продажбата на тој предмет по барање од стечајниот управник ќе се изврши преку надлежен извршител согласно одредбите од Законот за извршување.

Според член 77 став (2) од Законот за стечај, доколку стечајниот должник, односно трето лице кое го има во владение имотот без правен основ, одбие да го предаде владението и управувањето на подвижниот и недвижниот имот, стечајниот судија со решение ќе определи предавање на имотот со присилно извршување, а по предлог на стечајниот управник. Против ова решение на стечајниот судија не е дозволена жалба. Со налогот за предавање судот може по службена должност да определи и присилни мерки против застапникот кој го застапува должникот - правно лице или должникот поединец, односно трето лице кое го има во владение и управување подвижниот и недвижниот имот.

Според членот 146 став (4) од Законот за стечај, по отворањето на стечајната постапка излачните, односно разлачните доверители, можат заради остварување на своите права да поведат против должникот постапки на извршување и обезбедување според правилата за извршување и обезбедување. Прекинатите постапки на извршување и обезбедување што тие доверители ги повеле пред отворањето на стечајната постапка, ќе продолжат и ќе се спроведат според правилата за извршување и обезбедување.

Од горенаведеното, примената на членовите 77 и 146 од Законот за стечај се врши преку надлежен извршител по предлог од стечајниот управник.

Имајќи го предвид изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 40 став (1) алинеја 9 од Законот за извршување е целосно во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му укажува на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредба од член 40 став (1) алинеја 9 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7216, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23), односно да

донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 76

Владата на Република Северна Македонија ја разгледа Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.160/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 9 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/17 и 189/19) и Автентичното толкување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/15), и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата Оливер Давидовски од Скопје ја оспорува уставноста и законитоста на членот 9 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/17 и 189/19) и уставноста и законитоста на донесеното Автентично толкување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/15), тргнувајќи од аспектот дека во Законот за адвокатурата е уредено дека Адвокатската комора, а не Управниот одбор е органот кој треба да ја донесе Тарифата и Автентичното толкување на истата, истовремено повикувајќи се на аналогија во Уставот за законодавната власт и законодавецот како орган на државна власт, каде изречно е утврдено дека Собранието донесува и дава автентично толкување на законите.

Во Главата II ОСНОВНИ СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ од Уставот на Република Северна Македонија уредени се граѓанските и политички слободи и права, економските, социјални и културни права и гаранциите на основните слободи и права. Со членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира адвокатурата како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Понатаму, во членот 2 од Законот за адвокатурата се уредува дека „адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош, согласно со овој и друг закон.“ Согласно членот 5 од Законот за адвокатура, „...Самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба се остварува со слободно и независно вршење на адвокатската дејност, слободен избор на адвокатот, организирање на адвокатите во Адвокатската комора и нејзино финансирање, автономно донесување на акти за работа на Адвокатската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Адвокатската комора) ...“.

Во 2023 година беше донесен нов Закон за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/223).

Во член 50 став (1) во преодните и завршни одредби од овој закон се уредува дека Статутот и другите општи акти на Адвокатската комора ќе се усогласат со

одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон, а со ставот (2) се уредува дека до влегувањето во сила на прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон, ќе продолжат да се применуваат прописите и другите акти кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Цитираната одредба од членот 50 од Законот претставува преодна и упатна одредба со која се уредува важењето на постојните подзаконски акти кои не се сменети и согласно која оспорената Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и автентичното толкување на истата сѐ уште се во примена, сѐ до донесувањето на новите подзаконски акти согласно новиот Закон за адвокатура.

Од аспект на надлежностите на Министерството за правда за Законот за адвокатурата, неспорна е одредбата од членот 34 став 2 точка 5 која ја уредува надлежноста на Адвокатската комора како самостојна и независна во својата работа, да донесува Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и во претходниот и во постојниот закон за адвокатура.

Подносителот во Иницијативата укажува дека во Законот за адвокатура не е изречно определено дека Управниот одбор на Адвокатската комора има надлежност да ја донесе Тарифата и нејзиното автентично толкување.

Во однос на овој навод, подносителот на Иницијативата не ги имал предвид одредбите од членот 33 од Законот каде е уредена организацијата на адвокатите во Адвокатската комора и членот 37 од Законот во кој конкретно се утврдува дека со „Статутот на Адвокатската комора се уредуваат, особено: делокругот, организацијата и работата на органите на Комората...“.

Подносителот на Иницијативата воопшто не ја имал предвид поставеноста и значењето на адвокатурата во Уставот и уставно-правниот систем, што се согледува преку одредбата за самостојноста и независноста на адвокатската служба, дадена веднаш во втората глава во Уставот која ја гарантира заштита на основните права и слободи на човекот и граѓанинот. Оваа одредба не е случајно поставена во Уставот пред одредбите за организацијата на државната власт. Секое нарушување на независноста и самостојноста на адвокатурата е повреда од страна на државната власт која води до повреда на заштитата на основните права и слободи загарантирани со Уставот.

Од причина што Министерството за правда не е овластен орган согласно Уставот на Република Северна Македонија и Законот за адвокатура за подготовка и донесување на наведените оспорени акти во уставната Иницијатива, ниту Владата и Собранието на Република Северна Македонија се овластени органи и можат да влијаат на донесувањето на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и да ја толкуваат истата, Владата на Република Северна Македонија истакнува дека поднесената Иницијатива е беспредметно доставена до Владата на Република Северна Македонија и за истата треба да се произнесе Адвокатската комора на Република Северна Македонија, како единствено

надлежен орган кој согласно Уставот на Република Северна Македонија и Законот за адвокатура може да ги донесе оспорените подзаконски акти.

## Точка 77

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Доне Лазаревски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.169/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 и член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката, одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Во членот 110 алинеа 3 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија се утврдуваат темелните вредности на уставниот поредок на Републиката, меѓу кои како први во алинеа прва се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.
Во Иницијативата подносителот наведува дека со оспорените законски одредби, должниците се ставаат во попривилегирана положба во однос на доверителите во случај на неисполнување на својот дел од долгот.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека со исполнувањето на обврската на доверителите, оспорената законска одредба ги става во неповолна положба доверителите на начин што со воведување на терминологија за застарување на правосилна судска одлука истите ја губат сопственоста на основните средства поради тоа што со оспорените законски одредби се обезбедува законската заштита на должниците кои не го подмируваат својот долг.

При разгледување на поднесената Иницијатива, не се наоѓа постоење на колизија на оспорените одредби со Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак се смета дека е повредена уставноста на член 8 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што со оспорените законски одредби само се предвидува пократок рок за застареност преку кој се обезбедува поголема правна сигурност на учесниците во правниот промет, а воедно се спречува и создавање на презадолженост на граѓаните.

Врз основа на сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја отфрли Иницијативата за оценување на уставноста на одредбите од член 2 и член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Иницијативата од Лилјана Поповска и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.186/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/2024) и притоа ве информира дека не може да се произнесе по истата бидејќи предметниот закон е предложен од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 102568 за КО Охрид 3, на КП бр.16877, викано место/улица „Град", Имотен лист бр. 102569 за КО Охрид 3, на КП бр.16879 и КП бр.16880/1, викано место/улица „Град" и Имотен лист бр.103078 за КО Охрид 3, на КП бр.16877, улица „Град " и КП бр.16880/1, улица „К.М.Тито" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5600 за КО Радуша - вонград, на КП бр.1216, викано место/улица „Нурф Варзе" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 81**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Цутеска од Охрид, доставено под И.бр.501/2023 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.13104, за КО Охрид 2, на КП бр.8779, викано место/улица „Железничка“ и по истото ги усвои мислењата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Министерството за транспорт.

**Точка 82**

По однос на оваа точка од Дневниот ред немаше предлози.

**Точка 83**

**1.**Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба, ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во следниот состав:
- д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа,

да присуствува на положување на цвеќе на 23 октомври 2024 година во Скопје пред споменикот на Бранителите во Жена - парк, во 11:00 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема (цветно уредување, говорница, столбчиња, јажиња, материјали, техничка опрема, столчиња, вода, говорница, знамиња и друга опрема), како и превоз за опремата, а за потребите на настанот кој ќе се одржи во Музејот на македонската борба за државност и самостојност во Скопје со почеток од 13.00 часот.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе и да обезбеди превоз за Делегацијата на 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба.

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за протокол да подготви покани за положувањето на цвеќе и покани за централниот настан, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови.

6) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Одделение за протокол да го организира протоколарното положување на цвеќе на 23 октомври 2024 година во Скопје пред споменикот на Бранителите во Жена - парк, во 11:00 часот.

7) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази) на 23 октомври 2024 година во Скопје пред споменикот на Бранителите во Жена - парк, во 11:00 часот.

8) Се укажува на ЈП Македонска радио - телевизија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба пред споменикот на Бранителите во Жена - парк, во 11:00 часот, како и на свечената академија, која ќе започне од 13.00 часот а ќе се одржи во Музеј на македонската борба за државност и самостојност.

9) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Сектор за односи со јавност да создаде сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

10) Се укажува на Националната опера и балет да обезбеди културно уметничка програма за свечената академија, која ќе започне од 13.00 часот, а ќе се одржи во Музејот на македонската борба за државност и самостојност.

11) Се укажува на Музејот на македонската борба за државност и самостојност во Скопје да го отстапи просторот на користење за потребите за одбележување на Државниот празник 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба.

12) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности, согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на сите локации на кои се чествува празникот.

13) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантни возила за сите локации на кои се чествува празникот.

14. Се препорачува на Град Скопје на 23 октомври 2024 година да има обезбедено едно противпожарно возило за централната прослава која ќе се одржи во Музејот на македонската борба за државност и самостојност.

**2**.Во врска со распределбата на средства – капитални дотации по Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА- Инфраструктурни проекти во општините, Владата заклучи да се продолжи рокот до 15 ноември 2024 година, со цел општините кои не доставиле комплетна документација по Јавниот повик, да

може да ги комплетираат документите и да ги достават до надлежните министерства.

**3.**Владата по повод доаѓањето на Претседателот на Европската комисија – Урсула фон дер Лајен заклучи:

Се укажува на Македонската радио-телевизија на 24 октомври 2024 година во 11 часот, да обезбеди пренос во живо на официјалниот пречек на Претседателот на Европската комисија – Урсула Фон Дер Лајен на платото пред Владата на Република Северна Македонија како и по завршување на средбите да се снима и пренесе во живо заедничката прес конференција.

**4.**Владата го разгледа Барањето за дополнување на Заклучок под реден бр. 2, од Точка 65 „Информација за потребата од воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот" од Извадокот од Нацрт – записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се дополни и да гласи:
„2. Се задолжуваат Министерството за финансии – Сектор за буџет и фондови, Министерството за транспорт, Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а им се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката - Скопје, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од седум дена, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да достават номинации на член и заменик-член во Работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизираната база на податоци за државниот недвижен имот.".

**5.**Владата на предлог на д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, во однос на Барањето за финансиски средства/покривање на трошоци, а во врска со одбележувањето на 5 ноември – Меѓународен ден на Ромскиот јазик, го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за одржување на настанот, во максимален износ од 200.000,00 денари (за сместување, коктел во ресторанот на Владата на Република Северна Македонија, ручек во Клубот на органите на управата и сл.).

**6.**Владата го разгледа материјалот Укажувања на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, со прилози, го усвои и согласно расправата на седницата на Владата заклучи сите институции доследно да го почитуваат Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

7. Владата го разгледа и прифати Барањето за изменување на Заклучокот број 2 од Информацијата за потребата од учество на Република Северна Македонија во пилот-програмата за копродукција на сериска телевизиска програма на Еуримаж, со усогласен текст на Договор, донесен на Сто осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2023 година " и заклучи истиот да гласи:

2) „Се овластува Зоран Љутков, министер за култура туризам да го потпише Договорот помеѓу Советот на европа и Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија за финансирање на проектот „Поддршка на програмата за телевизиски серии"".

Исто така, министерот ги информираше членовите на Владата, дека Министерството за култура и туризам во буџетот за 2024 година, во раздел 18010-Финансирање на дејности од областа, во програма 31-Агенција за филм, на расходната ставка 464-Разни трансфери, има обезбедено дополнителни средства во износ од 9.300.000 денари за уплата во Фондот на Еуримаж.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата – ПВР, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2023 година, со табеларни прегледи, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“- Скопје, за период 1.1.2024-31.3.2024 година, со прилози, како материјал за информирање, а предлагачот да преземе мерки за намалување на непродуктивните расходи, согласно укажувањето на Министерството за финансии.

**Точка 90**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ – п.о. Скопје, за период од 1.1. до 31.3. 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи предлагачот, предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за образование и наука)

**Точка 92**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за култура и туризам).

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за животна средина и просторно планирање).

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Четириесет и втора одлука) и условно

ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Скретаријатот за законодавство.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Четириесета одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Триесет и деветтата одлука) усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Триесет и седма одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 100**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 9 октомври 2024 година до 15 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 101**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период

од 9 октомври 2024 година до 15 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 102**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници, за наредната седница на Владата.

**Точка 103**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од дополнување на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025 со нови правни акти кои се усогласуваат со правото на ЕУ, за наредната седница на Владата.

**Точка 104**

Владата повторно ја разгледа Предлог - одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година и ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година.

**Точка 105**

Владата повторно ја разгледа и ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година.

## Точка 106

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Рамковен договор за воена соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со текст на Рамковен договор и притоа заклучи:

1. Го прифати усогласениот текст на Рамковниот договор за воена соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

2. Се определува Министерстерот за одбрана, м-р Владо Мисајловски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Рамковниот договор за воена соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:55 часот.

**Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**